# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ДИМКО МИТРЕВ АД ВЕЛЕС ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 31.12.2018 ГОДИНА

Во периодот од 01.01. до 31.12.2018 година ДИМКО МИТРЕВ а.д. Велес оствари нето добивка од 261 илјади денари и во однос на истиот период од преходната година е помала за 72 %.

Имено во пресметковниот период е остварен вкупен приход од 264.246 илјади денари и во однос на вкупниот приход во 2017 година е погелем за 18 %.

По структурата на застапеност во вкупните приходи нај големо учество имаат приходите од странскиот пазар и тие учествуваат со 91% ,приходите од домашен пазар со 4% и други приходи со 5%.

Во остварените вкупни приходи нај голем дел се остварени приходи од продажба на сопствени производи и услуги наменети за извоз кој редовно се наплаќаат.

Во периодот од 01.01. до 31.12.2018 година вкупните расходи изнесуваат 263.566 илјади денари и во однос на вкупните расходи во 2017 година се поголеми за 18%.

По структурата на застапеност во вкупните расходи нај големо учество имаат трошоците за суровини и материјали и изнесуваат 143.988 илјади денари и во однос на истиот период од 2017 година се поголеми за 18 %.

Торшоците за бруто плата на вработените изнесуваат 75.835 илјади денари и во однос на истиот период во 2017 година се поголеми за 24 %, и истите редовно се исплаќаат.
За пресметковниот период од 01.01. до 31.12.2018 година вкалкулирани се нето плати во вкупен износ од 51.409 илјади денари и задолжителни придонеси за нето плата во износ од 24.425 илјади денари.

Димко Митрев а.д.
Велес